Маја Б.
18.12.'20

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Комисија за одлучување по прекршок
Komisioni për Vendimmarrje për Kundërvajtje
Скопје-Shkup
Примено: 18.12.2020
Орг.Един. | Број: 09-4/9 | Прилог: | Вредност:

УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

УПРК.бр.1/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Весна Јовановска претседател на советот, Габријела Михајловска и Елеонора Хамулиќ Ајро - членови на советот, со записничар Љубица Стојковска Перковска - виш судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници – Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, управувано од Влатко Димитровски управител без ограничување, поднесена преку полномошник Ангела Соколова, адвокат од Кочани, против решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција бр.09-4/2 од 27.01.2020 година, за прекршок, на седницата на советот одржана на ден 16.10.2020 година, согласно член 39-а став 1, од Законот за управните спорови, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници – Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, против решението на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренција, бр.09-4/2 од 27.01.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со решението означено во изреката на пресудата се утврдува дека Друштвото за печатење, производство и услуги ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочани со седиште на ул.„Крижевска“ бр.52 Кочани и тужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници – Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани со седиште на ул.„Крижевска“ бр.52 Кочани, како претпријатија кои учествуваат на пазарот на печатење на материјали и давање на печатарски услуги на територијата на Република Северна Македонија, од 09.03.2018 година, до денот на донесување на ова решение континуирано усогласено се однесувале со цел координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот, учествувале на картел, на начин што без склучување на договор намерно ја замениле состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка помеѓу претпријатијата со цел нарушување на конкуренцијата, што претставува прекршок од член 59 став 1 точка 1, а во врска со член 7 став 1 од Законот за заштита на конкуренцијата, („Службен весник на РМ“ бр.145/10, бр.136/11, бр.41/14, бр.53/16 и 83/18), за што на сторителот Друштвотоза печатење, производство и услуги ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочани, му се изрекува санкција - глоба во износ од 28.188,00 денари, што претставува ххх% од вредноста на вкупниот годишен приход на Друштвото за печатење, производство и услуги ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочани, остварен во 2018 година

како последна деловна година, за која претпријатието има составена годишна сметка и на сторителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани му се изрекува санкција – глоба во износ од 1.438.148,00 денари, што претставува 0,5% од вредноста на вкупниот годишен приход на Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани остварен во 2018 година како последна деловна година, за кое претпријатието има составено годишна сметка. Сторителите на прекршокот се задолжени глобата да ја платат во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.

Тужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници – Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, управувано од Влатко Димитровски управител без ограничување, против решението на Комисијата за заштита од конкуренција, Комисија за одлучување по прекршок бр.09-4/2 од 27.01.2020 година, до Управниот суд, поднесе тужба со која ја оспори законитоста на оспореното решение со предлог истото да се поништи.

Тужениот орган до овој Суд ги достави списите што се однесуваат по предметот и достави одговор на тужба со кој ги оспори тужбените наводи со предлог тужбата на тужителот да се одбие како неоснована, а решението бр.09-4/2 од 27.01.2020 година, да се потврди.

Управниот суд, постапувајќи по тужбата го испита оспореното решение согласно член 37 од Законот за управните спорови, па ценејќи ги наводите од тужбата, одговорот на тужбата и списите по предметот, најде дека:

Тужбата е неоснована.

Од списите во предметот произлегува дека, Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, до Комисијата за заштита на конкуренцијата, на ден 25.01.2019 година, доставил известување бр.09-8/1 за сознанија за невистинитост по наводи на изјава за независна понуда во постапка по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.0502-24/2018 од 31.12.2018 година. Во известувањето е наведено дека при евалуација на понудите и документите од понудувачите, е утврдено дека понудувачот Друштвото за печатење, производство и услуги ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочани, доставил документација за лична способност од друг економски оператор односно од Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници – Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, и на тој начин ја нарушиле конкуренцијата на тој пазар.

Поради наведеното, Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот напатиштата се посомневал во вистиноста на изјавата за независна понуда на понудувачот ЕВРОПА 92, односно сметал дека едно исто лице ги поднесувало понудите на двајцата понудувачи во електронскиот систем за јавни набавки. Понудите на ФЕНИКС ПРИНТ и ЕВРОПА 92 во оваа постапка за јавна набавка биле отфрлени како неприфатливи. Со допис бр.09-8/2 од 06.02.2019 година, КОП побарал дополнителни податоци од Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата. Со допис бр.09-8/3 од 15.02.2019 година, Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата ги доставил побаруваните докази.

Со Заклучок бр.09-8/4 од 04.04.2019 година, по овластување на КОП, овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 05.04.2019 година, превземале дејствија согласно член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата а заради прибавување на докази на лице место во ЕВРОПА 92. Со Заклучок бр.09-8/5 од 04.04.2019 година, по овластување на КОП, овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата, на ден 05.04.2019 година, исто така, превземале дејствија согласно член 41 од Законот за заштита на конкуренцијата а заради прибавување на докази на лице место во ФЕНИКС ПРИНТ. За извршените дејствија е составен Записник бр.09-8/6 од 05.04.2019 година и Записник бр.09-8/8 од 05.04.2019 година, при што е издадена потврда за одземена документација бр.09-8/7 од 05.04.2019 година.

КОП, пред Комисијата за заштита на конкуренцијата, изрекува прекршочна санкција за прекршоците определени со Законот за заштита на конкуренцијата, со Заклучок ПП.бр.09-8/10 од 21.05.2019 година, повела прекршочна постапка по службена должност против Друштвото за печатење, производство и услуги ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочанисо седиште на ул.„Крижевска“ бр.52 Кочани, и противтужителот Трговско друштво за вработување на инвалидни лица за печатење на весници – Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, со седиште на ул.„Крижевска“ бр.52 Кочани.

Комисијата за одлучување по прекршок со Заклучокот за поведување прекршочна постапка, го задолжила ФЕНИКС ПРИНТ да достави: копија од доставените понуди на тендери на кои ФЕНИКС ПРИНТ има учествувано од основањето до денот на доставувањето на заклучокот, извод од Централен регистар на РМ и податоци за жиро сметка, единствен даночен број и банка депонент на сметка. КОП, исто така, го задолжил и сега тужителот ЕВРОПА 92, да достави потребна документација како список на тендери на кои ЕВРОПА 92 има учествувано од 01.01.2018 година, копија од доставени понуди, извод од Централен регистар на РМ, податоци за жиро сметка, единствен даночен број и банка депонент на сметка.По прибавување на сите потребни докази со дописи, а од значење за правилно одлучување во прекршочната постапка и од доказите од лице место, КОП утврдил дека ФЕНИКС ПРИНТ е друштво за печатење, производство и услуги, основано на 16.01.2018 година како ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочани, со приоритетна дејност печатење на весници,со сопственик и управител Влатко Димитровски. На 09.03.2018 година, Влатко Димитровски се брише од сопственик и управител и новсопственик и управител станува Благојчо Митевски. Во моментов сопственик и управител е Благојчо Митевски.

Видно од Записникот на лице место, а во просториите на ЕВРОПА 92 и ФЕНИКС ПРИНТ на 05.04.2019 година, КОП утврдил дека, во деловната зграда на ЕВРОПА 92, на првиот кат во канцеларијата при прибавувањето на податоци на лице место, биле затекнати на своите работни места лицата: Благојчо Митевски вработен во ЕВРОПА 92 како референт за продажба, Благој Веселинов, Никола Левков, Вангелчо Митевски и Павлинка Панова сите вработени во ЕВРОПА 92 како комерцијалисти, при што во работните простории на ЕВРОПА 92 на трети кат во канцеларијата на сопственикот на ЕВРОПА 92 – Ратко Димитровски на барање на службените лица им била дадена копија од образец М1/М2 од која јасно било утврдено дека лицето Благојчо Митевски е вработен на неопределено време во ЕВРОПА 92 од 01.12.2010 година. Дополнително на прашање на службените лица како документите на ЕВРОПА 92 биле прикачени во име (во понудата) на ФЕНИКС ПРИНТ на јавната набавка по оглас бр.0502-24/2019 на Републичкиот

совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, сопственикот Димитровски појаснил дека понудите се давани на начин што, лицето кое ги прикачувало документите за ФЕНИКС ПРИНТ и лицето кое што прикачувало документи за ЕВРОПА 92 седеле еден до друг во иста просторија и направиле грешка при прикачувањето на документите. Понудите и за ЕВРОПА92 и за ФЕНИКС ПРИНТ ги поднесувале вработени во ЕВРОПА 92. Имено, ФЕНИКС ПРИНТ нема вработени, па затоа на сите тендери за кои е поднесувана понуда од ФЕНИКС ПРИНТ истата е подготвувана и поднесувана од вработени на ЕВРОПА 92. На Записникот, понатаму е констатирано дека Димитровски појаснил дека ФЕНИКС ПРИНТ била основана од Влатко Димитровски, син на Ратко Димитровски, но во Март 2018 Влатко Димитровски ја отстапува ФЕНИКС ПРИНТ на Благојчо Митевски. Управителот на ФЕНИКС ПРИНТ не е во роднинска врска со управителот и сопственикот на Европа 92. ФЕНИКС ПРИНТ И ЕВРОПА 92 имаат договор за закуп на деловен простор склучен на ден 09.03.2018 година. Поради тоа, заради двојната улога која ја имале вработените во ЕВРОПА 92, да работат и за ЕВРОПА 92, каде официјално се вработени, но и да извршуваат секојдневни работни задачи за ФЕНИКС ПРИНТ се правени грешки при доставување (прикачување) на документација по јавни огласи. Дополнително, а видно од Изјавата дадена на Записник иако е одвоено, вработениот кој го води сметководството на ФЕНИКС ПРИНТ е вработен во ЕВРОПА 92.

На основа наведенотот, согласно законските одредби при определување на изнсот на глобата која треба да се изрече на ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочаи, КОП тргнува од висината на вкупните приходи кои Европа 92 ДООЕЛ Кочани ги остварил од печатење на материјали и давање печатарски услуги на територијата на Република Северна Македонија и давање на печатарски услуги на територијата на Република Македонија во 2018 година а кои изнесуваат 151.065.954,00 денари. Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од 0,476 %, па оттука основниот износ на глобата изнесува 719.074,00 денари, со оглед дека прекршокот траел 1 година и 9 месеци, па оттука, износот на глобата која треба да му се изрече на ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани изнесува 1.438.148,00 денари. Пресметаната глоба од 1.438.148,00 денари, претставува 0,5 % од вредноста на вкупниот годишен приход на ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, остварен во 2018 година, како последна деловна година, а за кое претпријатието има составена годишна сметка.

Врз основа на ваквата фактичка состојба, тужениот орган утврдил дека износот на глобата кој ќе му се изрекува на ФЕНИКС ПРИНТ ДООЕЛ Кочани за сторен прекршок по член 59 ст.1 т.1 од Законот за заштита на конкуренција, изнесува 28.188,00 денари, додека износот на глобата на ЕВРОПА 92 ДООЕЛ Кочани, за сторен прекршок по член 59 ст.1 т.1 од Законот за заштита на конкуренцијата, изнесува 1.438.148,00 денари.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека е донесено во согласност со Законот.

Согласно член 2 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/2010; 136/2011, 41/2014, 53/16 и 83/18), цел на овој закон е обезбедување слободна конкуренција на домашниот пазар заради поттикнување на економска ефикасност и благосостојба на потрошувачите.

Согласно член 5 алинеја 1, од истиот Закон, „претпријатие“ е секој вид на деловен потфат без оглед на тоа како е организиран и од кого е воден (трговско друштво, трговец поединец, задруга, здружение на претпријатија и др.) слободните професии (адвокати, лекари, архитекти, сметководители, нотари и др.), јавните претпријатија основани заради вршење на дејности од јавен интерес како и секое друго правни или физичко лице, установа и друго правно и физичко лице кое има јавни овластувања или орган на државна управа што е ангажиран во водењето на некоја економска активност, без оглед на тоа дали се сметаат за трговци или не; Согласно алинеја 11 "картели" се договори и одлуки и/или усогласено однесување меѓу две или повеќе претпријатија чија цел е координирање на нивното однесување како конкуренти на пазарот и/или влијаење на релевантните параметри на конкуренцијата, особено преку фиксирање на куповни или продажни цени или други услови на тргување, ограничување на производство или воспоставување продажни квоти, поделба на пазари, договарање при учество на тендери, ограничување на увоз или извоз и/или антиконкурентско однесување насочено спрема други претпријатија - конкуренти на учесниците во картелот, Согласно алинеја 12, "усогласено однесување" е координирање на однесувањето меѓу две или повеќе претпријатија како резултат и, без склучување на договор, на што доаѓа до намерно заменување на состојбата на непречена конкуренција на релевантниот пазар со состојба на практична соработка меѓу претпријатијата. До усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти меѓу претпријатијата чијашто цел или последица е да се влијае на однесувањето на релевантниот пазар или да им се најави идното пазарно однесување на конкурентите.

Согласно член 7 став 1 од истиот Закон, забранети се сите договори склучени меѓу претпријатија, одлуки на здруженија на претпријатија и усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата, а особено оние кои: 1) директно или индиректно ги фиксираат куповните или продажните цени или некои други услови за тргување; 2) го ограничуваат или го контролираат производството, пазарот, техничкиот развој или инвестициите; 3) го делат пазарот или изворите на снабдување; 4) применуваат различни услови за исти или слични правни работи со други трговски партнери, со што ги ставаат во понеповолна конкурентска позиција или 5) го условуваат склучувањето на договорите со прифаќање од другите договорни страни дополнителни обврски, што по својата природа или согласно со трговските обичаи не се во врска со предметот на договорот.

Согласно член 59 став 1 од Законот, Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако: 1) склучи забранет договор или на друг начин учествува во договор, одлука или усогласено однесување со кои се нарушува конкуренцијата во смисла на член 7 од овој закон.

Според наоѓање на Судот, имајќи ги притоа предвид цитираните законски одредби и изведените докази во текот на управната постапка, тужениот орган правилно и целосно ја утврдил фактичката состојба на работите по предметот и донел законито решение. Имено, од списите на предметот, неспорно

произлегува дека тужителот со дејствијата опишани во изреката на оспореното решение усогласено дејствувал кога на јавната набавка по оглас бр.0502-24/2019 на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, ја нарушил нормалната конкуренција на пазарот, со што сторил прекршок по член 59 ст.1 т.1 в.в со член 7 од Законот за заштита на конкуренцијата. Согласно цитираните законски одредби, правните субјекти потребно било да настапуваат на пазарот независно еден од друг, без склучување на договори или практикување на усогласено однесување чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата. Така забраната за склучување на договори и договорена практика кои имаат за цел или последица нарушување на конкуренцијата е од исклучително значење.

При одлучувањето, Судот ги ценеше наводите на тужителот истакнати во тужбата дека во постапката која претходела на нападнатото решение тужителот јасно укажал дека станува збор за очигледна техничка грешка во работењето која настанала бидејки лицето кое ги прикачувало на системот документите за ФЕНИКС ПРИНТ и лицето кое ги прикачувало документите за Печатница Европа 92 ДООЕЛ Кочани, седеле еден до друг во иста просторија и направиле грешка при прикачување на документите, меѓутоа дека со конкретната грешка на ниту еден начин не е сторена било каква штета по однос на конкуренцијата ниту на некој конкурент, ниту на потрошувачите.

Тужбените наводи Управниот суд ги оцени како неосновани од причина што согласно законските одредби до усогласено однесување може да дојде како резултат на директни или индиректни контакти меѓу претпријатијата со практична соработка меѓу нив и без склучување на договор, во конкретниот случај тужителот усогласено се однесувал на пазарот без притоа самостојно да учествува на пазарот, преку што ја нарушил нормалната конкуренција на пазарот.

Со оглед на наведеното, а согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, Судот одлучи како во изреката на пресудата.

ПРЕСУДЕНО ВО УПРАВЕН СУД на ден 16.10.2020 година под УПРК.бр.1/2020.

Записничар - виш судски соработник
Љубица Стојковска Перковска

Претседател на советот - Судија
Весна Јовановска

ПРАВНА ПОУКА:Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот на истата преку овој Суд до Вишиот управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати такса за тужба во износ од 480 и такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Р.Македонија, банка на примач НБРМ, судски такси од правни лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужителот - полномошник
- тужениот орган

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува Судски службеник

Претседател на советот - Судија
Весна Јовановска